Митко КОТОВЧЕВСКИ

УДК: 355.40:323.28

# РАЗУЗНАВАЊЕТО – ЗЛАТЕН КЛУЧ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

## РАЗУЗНАВАЊЕТО – БРАНИК ВО ОДБРАНАТА ОД ТЕРОРИЗМОТ

***Кратка содржина***

*Борбата против тероризмот е мошне комплексна, долготрајна, со брзи пресврти, непредвидлива, неизвесна и често пати со променлив успех. Таа секогаш неминовно започнува со разузнавачките активности на разузнавачките служби (воени и цивилни) кои треба да ги откријат терористичките намери уште во фазата на нивното планирање, односно пред да дојде до реализација на терористичкиот акт.*

*Разузнавањето е златен клуч во севкупната борба против тероризмот, посебно за изведување успешни противтерористички операции. Солидното разузнавање (посебно разузнавањето на тероризмот) претставува најдоброто оружје во борбата против тероризмот на сите нивоа, првенствено во сферата на борбата против глобалниот тероризам.*

*Способноста на државата да ја детектира, анализира и правовремено да дејствува против терористичката закана, во најголема мера зависи од ефикасноста на севкупната разузнавачко-безбедносна заедница на државата.*

***Клучни зборови:*** *ТЕРОРИЗАМ, БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ, АНТИТЕРОРИЗАМ, КОНТРАТЕРОРИЗАМ, РАЗУЗНАВАЊЕ И РАЗУЗНАВАЧКИ СЛУЖБИ.*

### Вовед

Движењето без да се погледне напред претставува најголем дел од сите ризици, опасен и мошне неизвесен потфат, најчесто со катастрофални последици. Тоа е апсолутно ист ризик, ризик кога човек сместен во чамец весла низ „мирна“ река, опуштен од убавите пејзажи наоколу, без да биде свесен за струењата што надоаѓат и што се закануваат да го турнат и превртат низ стрмниот водопад.

Водењето на државата и на нацијата низ опасните и непредвидливи бранови на историјата е толку опасно како и веслањето низ

непознатите води, низ кои вековите кријат огромни тајни. „Движењето" без да се погледне напред и наоколу претставува ризик за одговорните лидери на секоја нација, која без солидно знаење (но и предзнаење) за светот што ги опкружува, се наоѓаат во идентична позиција со „човекот в чамец кој весла низ навидум мирните, но сепак непознати и опасни води". И едните и другите во такви ситуации се осудени да го поминат патот до пеколот и низ пеколот.

Свесноста за сите ризици и опасности и нивните можности со кои се соочуваа секоја нација, може да се постигне со навремено, континуирано, макотрпно собирање валидни информации за клучните настани, околности и личности насекаде низ светот. Прибирањето информации, нивната обработка и проценување е суштината на разузнавањето, тоа е логиката на постоењето и на дејствувањето на разузнавачките служби во светот. Во овој контекст, професионалните познавачи на разузнавањето, стратегиското разузнавање го дефинираат како знаење за светот околу нас-вовед во претседателските одлуки и постапки.

Од овој аспект, продукт на разузнавањето претставува информацијата-собрана и интерпретирана со цел да се добие изострена слика за политичката, економската и воената положба во светот, во регионот и што е најзначајно во непосредното опкружување. Тоа што го прави разузнавањето поинакво од другите видови информации, се нишките на таен материјал вткаени низ него, нишките што се невидливи за обичните „смртници". Според древниот кинески мислител Сун Цу, тоа е „божественото повлекување на конците", неопходни за мудро владеење, за добивање на војните и за успешно водење и опстанок на државата. Разузнавачките служби денес се занимаваат со „предвидување на иднината" од посебен интерес на националната безбедност, која значи живот или смрт за државата. Тие претставуваат „очи и уши" на современите држави и нивното потценување неизбежно ги прави државите „слепи и глуви" доведувајќи го во прашање нивниот државен опстанок.

**Разузнавањето – тајна сила**

Ако знаењето е сила, тајното знаење е тајна сила, која дава моќ да се изненади спротивната (непријателската) страна, а никогаш

не дозволува да биде изненадена државата што има таква моќ. Паметните „владетели“ во минатото и денес секое утро го почнувале (почнуваат) работниот ден со читање извештаите од разузнавачките служби. За разлика од нив, деновите на нашите председатели почнуваа(т) со читање „Нова Македонија“ или „Борба“. Вистина е дека информациите се еден вид подлога за тајните, но, сепак сите строго-доверливи студии потврдуваат дека од тајните служби можат да се добијат многу повеќе и многу повалидни информации од оние што се нудат во „Тајмс“, „Економист“ или во „Нова Македонија“. За да се постигнат овие цели, неопходно е да се обезбедат и разберат информациите за потенцијалните закани и можности; консеквентно доверливите факти и анализи, кои им се достапни на искусните државни службеници или лидери, представуваат нужен услов за донесување важни одлуки,.

„Секое утро го почнувам мојот ден со извештај од разузнавачката служба“, изјави претседателот на САД-Клинтон. „Информациите од разузнавањето што ги добивам ме информираат за секоја одлука што ја донесуваме, а се однесува на надворешната политика“ – потенцира Клинтон.

Духот што треба да ги прогонува политичарите и државниците-лидери на нациите, односно сите оние што ги носат конечните одлуки од витално значење за егзистирањето на државата, е прашањето: дали тие ги имаат во својата глава сите важни елементи, кои ќе ја претставуваат основата на нивната одлука, или пак, има некој дел што недостига за кој тие не се свесни дека би можеле да има конечен, пресуден ефект кога би бил познат. Без точни, навремени, објективни, корисни и читливи разузнавачки информации, секогаш ке има празнина при донесување правилни одлуки од интерес на државата. Во такви ситуации, „бродот“ управуван од лидерите низ немирните води на историските предизвици ќе има големи шанси да ја промаши целта, тешко да ги избегнува опасностите што го демнат, а во најлош случај, да биде засекогаш заринкан во заборавот на историјата.

Исто така, огромно е значењето на разузнавањето и за успешното водење на борбата против тероризмот. Разузнавањето е клуч за изведување успешни антитерористички операции, односно доброто разузнавање е најдоброто оружје во борбата против тероризмот, посебно во борбата против меѓународниот тероризам. Способноста

на државата да ја детектира, анализира и да дејствува против терористичкита закана, во голема мера зависи од ефикасноста на разузнавачкиот апарат.

Секојдневното прибирање информации за идентитетот, целите, плановите и слабите точки на терористите и на терористичките организации, е најтешката област во сверата на разузнавањето. Сепак, ниту еден друг метод на антитерористичката политика не е поважен во превенцијата, попречувањето и реагирањето на терористичките напади. Разузнавањео во сверата на контратероризмот претставува посебна дисциплина со своја посебна проблематика, специфика и со многу поголеми ризици.

За разликаод стратегиското и военото, разузнавањето во оваа свера се спроведува многу потешко бидејки терористичките организации во суштина се тајни структури, тешко се опсервираат, додека техничките извори немаат речиси никакво значење за борбата против овој вид тајна активност. Овој облик има повеќе сличности со полициското разузнавање на определени криминални групи, а за успешно остварување на задачите неопходно е целосно потпирање и користење на човечките извори. Посебно во терористичките групи во кои е мошне отежната извршувањето на разузнавачкиот продор.

Овие тешкотии првенствено произлегуваат од фактот што терористичките групи најчесто се мали, единствени, дисциплинирани, фанатизирани, со висок степен на практикување на конспиративност, висок степен на безбедносна свест, култура и знаење. Нивните планови единствено ги знаат неколкумина од раководната гарнитура, од врвот на пирамидата на терористичката структура, додека можноста некој однадвор да биде запознат со нивната содржина, целосно е елиминирана. Нивниот „одбранбен механизам", затвореност и организационата поставеност, претставуваат значителна пречка за прибирање сигурни информации и во нивната дистрибуција до аналитичарите и креаторите на политиката. Ризикот за агентите и за службениците на теренот е многу голем и за таа цел разузнавачките информации мора безбедно да се чуваат. „Протекувањето" на разузнавачките податоци ја намалува и нивната вредност, ги загрозува изворите на информации, ги оддалечува службите на пријателските држави, ја спречува нивната соработка и ја доведува во опасност способноста на сопствените разузнавачки служби да собираат други неопходни

информации. Во такви ситуации ќе бидеме принудени да работиме со неквалитетни информации, нецелосни, често произволни, периферни, надвор од фокусот на планот или извршувањето на секој напад. Често изворите на информации ќе бидат непознати или непроверени, со што во континуитет ќе се доведуваме во ситуација да сме изненадени и да трпиме порази, кои најчесто се плаќаат со крвта на невините граѓан.

## – РИЗИК И ДОБИВКА –

Неопходно е секоја држава, особено оние што во голема мера се загрозени од тероризмот, да ги елиминираат сите бариери кон агресивно прибирање информации за терористичките активност. Во иднина, подинамично ќе треба да се охрабрува регрутирањето нови тајни извори на информации за терористите и за нивните организации, посебно да се изврши инфилтрација во „срцето“ на најопасните терористички групи. Информациите добиени „однатре“ претставува клуч за спречување на терористичките напади. Во борбата против тероризмот, а и воопшто во работата на разузнавачките служби, секогаш важи максимата „целта ги оправдува средствата“, а во тој контекст е „дозволено“ и регрутирање суштествени терористи-информатори, макар што е понекогаш опасно. Обратно, неможноста за вакви агресивни разузнавачки продори ги умртвија активностите на голем број разузнавачки служби, придонесоа за забележително опаѓање на моралот во службите и во агенциите, како и до предвремено пензионирање и давање оставки на голем број оперативци. Од овие болести во минатото посебно од 11 септември 2001 година, не беше имуна ниту ЦИА и другите членки на разузнавачко-безбедносната заедница на САД. Регрутирањето на опасни потенцијални информатори, кои можеби, биле вклучени во повреди на човековите права, не значи и простување на нивните гревови-предходно извршени злосторства, ниту пак, имплицира поддршка на нивните злосторнички акти, што евенуално ќе ги направат во иднина. Затоа неопходно е благовремено да се процени ризикот и добивката од овој деликатен облик на регрутирање терористи-информатори, кои имаат пристап до терористичлите планови и кон други вредни информации од посебен интерес за спроведување успешна борба против тероризмот.

Повеќето терористички организации имат целни политички организации (политички крила), кои ја креираат политичката платформа и политичките цели. Во тој случај „најлесно“ и најцелисходно е да се продре во овие структури, отколку во самата терористичка организација. Информациите добиени од овие „политички продори“ не се најквалитетни и највалидни, меѓутоа се подобри отколку да немаме никакви прдходни информации за терористичките „објекти за опсервација“. Една од Ахиловите петици на борбата против тероризмот е изведувањето акции врз основа на неквалитетни и нецелосни информации, кои резултираат од предходно презентираните бариери во нивното собирање и користење. Исто така, тероризмот претставува мошне сериозна закана, со огромна важност за да се игнорираат предупредувањата од какви било терористички напади. За жал и најмоќните држави со респективни разузнавачко-безбедносни заедници, потценувањето до апсурд на овие закани, најчесто се покажува како фатално за националната безбедност на државата-жртва на тероризмот. Најдобра варијанта е секогаш да се преземат соодветни акции, дури и под предпоставка дека алармот бил лажен. Всушност, многу ретко ќе имаме можност да дознаеме дека најавуваниот терористички напад бил лажна тревога или не бил изведен поради засилено обезбедување, кое било во функција на одвраќање на терористичките напади.

Нашата држава и нашите служби во иднина ќе мора да ги анализираат сите „лажни тревоги“ и сценарија, кои беа лансирани во периодот кога кулминираше кризата и нападите против нашите витални вредности. Ќе биде неопходно и мошне корисно во еден порелаксиран амбиент да се проанализираат сите варијанти на лансираните „застрашувачки сценарија“ да се преиспитаат евентуалните пропусти и погрешни процени, да се процени капацитетот и можностите за евентуалната реализација на сите „мрачни сценарија“, планирани за дестабилизација на Република Македонија. Или евентуално да се дешифрираат пораките на психолошките операции водени од некои нивни ментори, со препознатлив знак на нивната школа за „психолошко војување“. Ова се значајни лекции, кои нашите служби ќе мора добро да ги научат во иднина, како значаен сегмент во борбата против тероризмот и неговите актери, кои не се ни малку наивни. Напротив, тие имаат огромен арсенал на изненадувања, измами и кукавичлак во сотварување на нивните цели.

Прибирањето на разузнавачките информации мора да биде континуиран процес, а не нешто што се прави инцидентно само одкако ќе се изврши некој террористички напад. Навременото прибирање, анализа и пренесување на информациите за евентуалните терористички напади укажуваат на степенот на опасноста што неизбежно ќе резултира со избор на соодветен степен на обезбедување на потенцијални цели на терористички напад.

Обезбедувањето на целта и способноста да се опстане во услови на криза секогаш треба да биде во согласност со степенот на евентуалната опасност. Прецизните информации и доброто обезбедување на потенцијалните објекти на напад претставуваат единствен начин да се спречат терористичките дејства. Но за терористите секогаш постојат и други цели...

## – ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ЗАКАНИТЕ –

Во борбата против тероризмот е потребно да се обезбедат ресурси и капацитети за целосно користење на информациите за терористите. Разузнавачките и безбедносните служби треба да бидат способни навреме да ги приоретизираат, преведат и да ги разберат (сфатат) сите информациидо кои имаат пристап. Денес кога и терористите располагаат со модерна компјутерска и комуникациска технологија, службите кога ќе дојдат до определени терористички цеде-ромови и хардвери, тешко е пронаоѓање во определени шифрирани фајлови во кои има доволен број информации за да се спречи следниот терористички напад. За да се откријат релевантните информации во морето фајлови меморирани во компјутерите на терористите, потребно е да се преработи огромен број информации, да се дешифрираат, преведат, да се открие смислата на специфичните форми на конверзација со употреба на зборови-шифри. Сè додека податоците не се искристализираат на официјалниот јазик на конкретната држава, речиси е неверојатно и невозможно да се определи дали тие информации се релевантни за откривање на планираните терористички акции.

Способноста успешно да се експлоатираат прибраните информации – да се преработат во кристално јасно, разбирливи и употребливи информации, како и нивно рангирање според приоритетот,

претставува суштествена потреба за спроведување една успешна и делотворна антитерористичка програма.

Разузнавачките податоци изведени од современите комуникациски извори може да послужат за формирање јасна и безбедносна слика за детектирање на евентуалната терористичка закана и тие служат само за дополнување на податоците МИНТ. Сето тоа е во функција на неопходните предвидувања и алармирање, како и за поддршка на сите елементи на владината антитерористичка програма, за успешно изведување на антитерористички операции од страна на специјалните сили на војската и на полицијата. Во овој контекст, со овие искази се побиваат некои заблуди за ангажирањето на елитните делови на војската во борбата против тероризмот што се пласираат од некои „прозападни" демократски стручњаци и странски советници во нашата средина. Проблемот е само како, во која мера и со примена на која тактика ќе се вклучат и специјалните сили на војската во изведување специјални операции.

За успешно остварување на овие активности се потребни разузнавачки информации, првенствено добиени од човечки извори дополнети со информации добиени од прислушување, дешифрирање, извлекување податоци со примена на најсовремени комуникациски и информатички средства. Исто така, во оваа клучна активност се неопходни голем број лингвисти, кој го познаваат јазикот на потенцијалните терористички групи. А, што е најважно, неопходно е да се вработуваат повеќе професионални аналитичари на тероризмот. Нивниот придонес е од огромно значење за да се подготви експертска анализа со цел прецизно да се сфати и интерпретира значењето на собраните разузнавачки информации. Тоа се многу потребни кадри, надарени, длабоко мотивирани службеници во срцето на тајната служба, аналитичари способни да направат чиста и јасна слика од деловите кои шпионите (агентите), сателитите и другата техника им ги ставаат на маса.

Следниот чекор е овие филтрирани и прецизни информации да се проследат правовремено до креаторите на националната политика, а во исто време и до службите за внатрешна безбедност. Нивната дистрибуција може да биде најслабата, но и најважната врска-алка во овој сложен процес бидејќи информациите ќе бидат бескорисни ако не стигнат навреме до оној кому му се најпотребни, до органите

на безбедност, а во случај на меѓународен тероризам и до царинската контрола, аеродромската полиција, одделите за имиграција и други субјекти на системот за национална безбедност. За успешен трансфер на овие информации е потребно да се формираат и определени механизми за континуирано извршување на овие значајни функции. Како и правна рамка за размена на информациите собрани со електронско надгледување, со снимање на разговори меѓу полицијата, контраразузнавачките и разузнавачките служби на државата. Размената на информации за актите за меѓународниот тероризам ќе треба да се одвива и прку пријателските разузнавачки служби, особено кога се во потрага по опасни терористички групи, чија активност директно е насочена против нивната безбедност, но и пошироко. Информациите од странските разузнавачки служби, чии извори не ни се добро познати, треба да се прифаќаат мошне внимателно и селективно бидејќи често се погрешни и неупотребливи.

Денес разузнавачките служби се повеќе го прошируваат овој спектар на активности и на дејствување во предвидување на иднината, во сферата на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, против меѓународниот организиран криминал и што е најзначајно, против сите видови современ тероризам. Генезата на главните функции на разузнавачките служби се движи во насока од прибирање информации за „владетелите", до прибирање информации за помош при успешното управување на државата. Благовремената и соодветна информација има пресудна и решавачка улога за успешно водење на сите витални државни функции, а во тој контекст и за целосно и ефикасно зачувување на нејзината национална безбедност. Посебно, тоа е „златниот клуч" за успешно водење и на борбата против тероризмот. Едноставно не е можно беспрекорно и успешно функционирање на современите држави без постоење и дејствување на респективни и ефикасни разузнавачки служби. Тие се првата линија на браникот на одбраната на државата и на сите нејзини витални вредности. Секоја современа држава (нејзиното водство), која ќе го потцени нивното значење во системот на национална безбедност, може да ги доведе во прашање дури и сопствениот државен и национален опстанок, а посебно хуманата безбедност на своите граѓани. За таа цел и нашата држава во наредниот период ќе мора да изгради респективна и модерна разузнавачка-безбедносна заедница, која ќе може

успешно да ги открива и да се соочува со сите извори на загрозување, а посебно со тероризмот кој сериозно ќе ни го загорчува животот и во наредниот период. Крајно време е да извлечеме поуки од ова зло, кое кулминираше во годината што измина, да ги научиме сите ненаучени лекции, да ги елиминираме досегашните слабости и грешки и конечно да запловиме во помирни и во побезбедни води. Во спротивно секогаш ќе не следи неизвесноста и лоша судбина.

## Улогата на разузнавачките служби во борбата против тероризмот

Познатиот кинески теоретичар Сун Цу Ву уште во 500 г. п.н.е. запишал дека разузнавачките податоци можат да ја надокнадат предноста на непријателот во „луѓе, пари и материјали". Разузнавањето е клучен услов за реализација на другите барања за успех, како што е изненадувањето и други, а за да се постигне тоа, разузнавањето мора да биде првокласно.

За успешно спротиставување на било кој вид терористичка кампања клучен предуслов претставува развивањето на оригинална, висококвалитетна разузнавачка дејност.

Многу ретки се примерите коха полицијата може да ги фати терористите на местото на злосторството (посебна приказна е со терористите самоубијци). Тогаш, противтерористичкиот мозаик ќе мора внимателно да се составува со помош на внимателно собирање, анализирање на сеопфатните и прецизни разузнавачки податоци за да се создадат валидни претпоставки за успешно лоцирање на терористите и нивните бази. Најдобра варијанта е правовремено откривање и попречување на нивните завери и нивното изнесување пред лицето на правдата.

Примарна цел на секоја разузнавачка служба претставува превентивното делување за спречување на развојот на тероризмот повисоко од почетната фаза. Успешноста на превентивната функција зависи од способноста за континуирано делување и солидно познавање на терористичките групи и поединци, за точната природа на нивните планови и цели, нивната политичка, економска и психолошка мотивираност и склоности, за лидерите / водството, членството, логистичките и финансиските можности (за нивните тајни

сметки), нивните врски со другите домашни и меѓународни терористички организации, врските со терористичките држави, држави кои го спонзорираат тероризмот како и со структурите на меѓународниот оранизиран криминал кои често пати се јавуваат во улога на нивни спонзори.

Разузнавачките надлежности во национални рамки треба да бидат прецизно дефинирани со цел да се избегне ривалството со другите безбедносни служби како и подвоеноста со другите регионални полициски сили.

Разузнавачките податоци од областа на тероризмот претставуваат продукт кој се добива преку собирање, проценка, анализа, обединување и толкување на сите достапни информации кои се однесуваат на тероризмот како сериозна безбедносна закана, за терористичките организации во земјата и надвор од неа, како и за зоните на изведување на операција кои се потенцијално значајни за планирањето на борбата против тероризмот. Разузнавачките податоци кои мораат да бидат „директно или потенцијално важни“ претставуваат основа и за понатамошното планирање на борбата против тероризмот.

## Категории на разузнавачки податоци во борба против тероризмот

Постојат шест основни категории на разузнавачки податоци кои во исто време се карактеристични (со своите специфики) и за успешно водење на борбата против тероризмот.

- Политички податоци кои што се однесуваат на карактерот на домашната и меѓународната политика на земјата. Врз основа на нивните сознанија може да се утврдат потенцијалните цели на терористичките напади. Пример: постоењето на екстремни левичарски групи кои ги напаѓаат вредностите на капиталистичкиот поредок или други екстремни идеолошки групации кои своите дејства ги насочуваат на определени општествени вредности со друго симболичко значење.
- Воени податоци кои се неопходни за создавање на целосна слика за воената моќ, борбените капацитети, борбените тактики, системите на вооружување, експлозивите, (не)можноста за производство на оружје за масовно уништување

карактеристични за државите кои го спонзорираат тероризмот или се директни вклучени во изведувањето на определени терористички злосторства.

- Научни и технички податоци – првенствено се однесуваат за нивото на научно–технолошки достигнувања како во цивилниот, така и во военист сектор. Овие податоци уште повеќе добиваат на значење ако се поврзани со земјите кои активно или пасивно го помагаат меѓународниот тероризам. Акцентот повторно се става на достигнувањата на нивниот развој во сферата на истражувањата и производството на оружја за масовно уништување и на нивната пролиферација на црниот пазар. Посебно се истражува можноста за опременоста, капацитети и потенцијалните можности, определени терористички организации да дојдат во посед на овие видови оружја, или во најлоша варијанта, да изградат капацитети и потенцијалните можности определени терористички организации да дојдат во посед на овие видови оружја, или во најлоша варијанта, да изградат капацитети за сопствено производство и активирање на оружјето за масовно уништување.
- Социолошки податоци–се однесуваат првенствено на социолошката анализа на определени „критични“ субгрупи во општеството на кои им припаѓаат претставниците на терористичките организации, односно на потенцијалните општествени субгрупи (според етничка, верска и др. припадност) кои може да претставуваат солидна база, („база за активна поддршка“) од кои би можеле да се регрутираат идните терористи и да имаат активна поддршка од групата на која им припаѓаат.

Социолошките податоци можат да бидат драгоцени за правење на валидни проекции и сценарија, односно за прецизно лоцирање /утврдување/ на потенцијалните „терористички општества“, но и за прогнозирање на идните „терористички сојузи“ – можните сојузнички односи помеѓу различни терористички групи (во земјата и пошироко на меѓународен план). Со тоа се овозможува и идентификација на потенцијалните симпатизери на терористите во конкретната заедница врз основа на групните карактеристики и врски.

Исто така, врз основа на анализата на определени социо-политички, социо-економски, и социо-културни параметри може да се прогнозираат и определени внатрешни судири во рамките на терористичките организации и конфликтите помеѓу нив и социјалната база-милје од кое потекнуваат терористите.

- Економски податоци кои се однесуваат на сите суштински економски параметри кои го детерминираат економскиот развој, стандардот и сите други елементи потребни за создавање на јасна слика за економската основа и економските состојби и односи во определено општество.
  Со анализа на определени финансиски текови, посебно на севкупните економски трансакции може да се следат трагите на илегалните недозволени финансиски трансакции во функција на спонзорирање и финансирање на терористичките организации. Каналите, изворите и моделите за нивно финансирање се многубројни и аналогно на тоа многубројни се методите за откривање и следење на патиштата за финансирање на тероризмот и за анализа на структурата и функционирањето на определени меѓународни терористички групи.
  Некогаш финансирањето на тероризмот може да го прави самата држава која нема / или не остварува контрола на определени финансиски средства кои во понатамошната фаза ќе се насочат против самата неа во функција на нејзино рушење и разнебитување. Тоа е најголема „државна глупост“ без преседан во историјата на постоењето на државата.
- Податоци за средината – кои се однесуваат на сите значајни воено–географски, орографски, климатски, временски параметри, вегетација, хидрографија, ендемични заболувања, состојбите со водите и можноста за нивно користење, можностите за прежививање на теренот, ефектите на гравитацијата, фонот на природно радиоактивно зрачење во определени области и.т.н.

  Спецификите на овие елементи ќе бидат посебно неопходни за зоните на потенцијалните кризни жаришта. Познавањето на карактеристиките на теренот на потенцијалниот судир помеѓу силите на државата и терористите, во голема мера

ќе ги детерминира шансите за успех на оваа инволвирана страна која ќе биде повешта во користење на предностите на овие фактори од круцијално значење за победа во идниот судир.

За успешна борба против тероризмот и за целосно и ефикасно превенирање и менаџирање на кризата предизвикана од појавата на терористички активности, државите ќе мора да располагаат со првокласни разузнавачки податоци. Од нивниот висок квалитет ќе зависи креирањето на политиката за борба против тероризмот, детерминирањето на опсежни сознанија и валидни заклучоци за целите и тактиката на делување на терористичките организации. нивното оружје, експлозивите, муницијата и опремата што ја користат, нивниот систем за безбедност и разузнавање и сè друго што е неопходно за создавање на јасна слика за терористите и терористичката организација.

Целта на безбедносните структури е правовремена да се превземат сите неопходни безбедносни мерки за спречување на терористичките напади (функција на превентивно делување). Со примена на овие мерки најдобра варијанта е ако се попречат терористите во фазата на планирање и подготвување за изведување на терористичка акција.

Од друга страна, во исто време, се создаваат услови и неопходни претпоставки за противтерористичка реакција веднаш по појавата на терористичкиот инцидент.

Исто така, разузнавачките податоци се мошне значајни за утврдување на индикаторите за можни терористички напади. Во определени „критични средини“ од кои се регрутираат определени терористички групи и средини во кои што постои поддршка на терористичките групи, зголемениот шверц со оружје, муниција и експлозиви, нивно поинтезивно набавување и складирање, складирање на храна, лекови и медицински материјали, намалување на сообраќајот на извесни улици, населени места, разместување /иселување/ на жените, децата и старите лица, откажувањето на определени поважни општествени, културни или политички манифестации, недозволување на ТВ–екипи за снимање на теренот и други „подготвителни активности“ со сигурност ни укажуваат (алармираат) за зголемување на терористичкото присуство и за нивните евентуални дејства во таа средина или во непосредната поширока област.

Во определени ситуации, дури и исказите на децата од овие подрачја може да претставуваат одличен извор на информации за евентуалните терористички напади или инциденти кои случајно слушнале определени коментари од повозрасните лица во нивното опкружување.

Конечно, со сигурност можеме да потенцираме дека без постоење на разузнавачки податоци скоро е невозможно успешно имплементирање на мерките како и ублажување на бројот и последиците врз потенцијалните жртви на терористичкото лудило.

Разузнавачките податоци од повеќе извори ни овозможуваат детални информации за најверојатните сценарија на закани кои исто така се неопходни за детално планирање на вежбите за обука, раководење и менаџирање на терористичките кризи во различни варијанти. Со разузнавачките податоци, подготовките и справувањето со потенцијалните кризи во голема мера стануваат посеопфатни и поефикасни. Тие овозможуваат формирање на изострена и реална слика за евентуалната закана и фокусирање на плановите кон најверојатните идни сценарија и поврзување на оптималните одговори на Владата во случај на идентични сценарија.

На успешниот одговор на терористичката закана ќе и претходи процес на обука во реални ситуации кои повторно се поврзани со проекцијата на веродостојни, можни сценарија на терористички напади базирани врз навремени, објективни разузнавачки податоци – прогноза на евентуалните варијанти на сценарија кои се очекувани и реално остварливи и можни.

## Разузнавање во рамките на полицијата за борба против тероризмот

За успешно водење на борбата против тероризмот во рамките на полицијата неоходно е да се формираат специјални оддели (сектори) за разузнавање кои ќе претставуваа суштинска поддршка на вкупните напори и интегралниот одговор на Владата на тероризмот.[1]

---

[1] Забелешка: Мошне карактеристичен и успешен пример за функционирање на Разузнавачкиот оддел во полиција претставува формирањето на Специјалниот оддел на Скотланд Јард како под-оддел во Одделот за криминал (к) основан во 1883 година, кои е репер за највисоки стандарди на разузнавање во светот.

Овие разузнавачки гранки кои функционираат во рамките на полицијата континуирано собираат квалитетни информации за познати или можни терористички организации кои оперираат во конкретната држава. Посебен акцент се става на опсервацијата на најактивните и најозгласените терориситчки групации кои отворено ги манифестираат своите напади врз виталните вредности на државата против која дејствуваат. Добиените информации се разменуваат со другите разузнавачки служби на национално ниво. Добиените резултати првенствено се анализираат од аспект на делувањето на полицијата во борбата против тероризмот. Посебен акцент во овој контекст се става на евентуалните полициски мерки кои ќе бидат неопходни за апсење и судско гонење на терористите.

## 1. Разузнавачки функции на специјалните оддели за разузнавање во структурите на полицијата

Разузнавачкиот циклус на овие „Полициско-разузнавачки“ оддели /гранки/ е идентичен со разузнавачкиот циклус на класичните разузнавачки служби. Собирањето, анализата, проценката и дистрибуцијата на разузнавачките информации се идентични со разузнавачките активности на разузнавачките служби, но во овој случај, со конкретно дефинирани цели против тероризмот.

Овие „разузнавачко-полициски“ функции фокусирани врз борбата против тероризмот опфаќаат:

- *Фузија на разузнавачките податоци:* Опфаќа собирање и „фузија“ на разузнавачките податоци со максимално користење на сите достапни (контра)разузнавачки извори и други (контра)разузнавачки капацитети на национално ниво. На внатрешен план, драгоцени се и контраразузнавачките противтерористички активности. Во зависност од големината, сериозноста и жестокоста на терористичката закана, операциите може да се потпираат /да се сихронизираат/ со активно вклучување и користење на информациите од сите структури на разузнавачко-безбедносната заедница на ниво на државата-потенцијална цел на терористичкиот напад.

Крајните–завршните разузнавачки продукти и другите значајни информации претставуваат резултат на синтезата на информациите добиени од повеќе извори. Нивната намена е прилагодена на потребите на полицијата-превенција, апсење и судско гонење на терористите како сторители на тешки кривични дела.

- *Тактичко користење на стратегиски средства:* Полицискиот одговор на терористичките закани и инциденти во определени фази има сериозна потреба од користење на разузнавачки информации кои се добиваат со примена на специјални „средства“ и капацитети за таа намена – сателитски снимки, други технички средства на национално ниво, како и користење на информациите од нивните странски информатори. Специјализираниот полициски сегмент за разузнавање го претставува каналот за проток и координација на информациите од конкретните полициски организации–институции до центрите за стратегиско разузнавање, а истовремено ја врши трансмисијата на неопходните стратегиски разузнавачки информации до крајните корисници во полициските организации.
- *Високо ризично набљудување /набљудување одблиску/.* Овие високо ризични операции опфаќаат непосредно физичко набљудување /„близок контакт“/ на познати или потенцијални терористи. Присуството на посматрачите е континуирано, често пати на тежок – „туѓ“ терен кој е под „контрола“ на опсервираните терористички сили. Освен високиот ризик и сериозната опасност за кадарот, операциите од овој вид подразбираат и интезивно користење на ангажираниот персонал. За таа цел, потребна е интезивна и солидна обука за профилирање на професионален кадар за успешно инфилтрирање и изведување на мисии со висок ризик кои во голема мера ќе ја зголемат ефикасноста на полициските сили при изведувањето на завршниот удар во крајната фаза на нивните противтерористички активности.

  Набљудувањето одблиску понекогаш може да се изведува и од утврдени „фиксни точки“. Во други ситуации се применува и патролирање во подрачјата–потенцијални зони на делување на терористите.

Крајната цел на сите презентирани методи и форми на набљудување е собирање на конкретни тактички податоци од жешкиот терен,–драгоцени податоци за успешно финализирање на полициската интервениција за апсење, судско гонење на терористите или за правовремено попречување на извршувањето на терористички инциденти.

- *Регрутирање на агенти и инфилтрирање на групи:* Старо добро правило кои се применувало во борбата против тероризмот но и против другите „невидливи“ закани низ историја на човештвото до денес. Најновите сознанија говорат дека овој начин на делување многу повеќе ќе добива на значење во периодот кој ќе следи како еден од најдобрите начини за добивање на информации за терористите, за нивните планови и други значајни информации од „прва рака“ за поефикасно справување со терористичките закани. Инфилтрирањето во терористичката група или регрутирање на таен доушник во нивните структури (најдобра варијанта е ако инсталирате свој човек во раководството на терористичката организација), претставува најдобриот и најтешко остварливиот начин за „непосредно комуницирање“ со врвот на терористичката пирамида.

Иако најголемиот број на терористички организации имаат изградено непробоен безбедносен и самозаштитен бедем-брана против секаков облик на непријателска инфилтрација, сепак не е невозможен успех и на овој план, односно нивниот бедем не секогаш е несовладлив.

Разузнавачко–безбедносните и другите служби за оваа намена никогаш не треба да се откажат од нивните напори-сериозно обиди за инфилтрирање на свои луѓе каде што е можно и кога е можно во редовите на терористите. Тоа е ризична и макотрпна активност која бара максимална трпеливост и претпазливост, активност од чиј позитивен исход ќе зависат животите на голем број невини луѓе, на полициските службеници, и на сите други професионалци вклучени во борбата против тероризмот. Продорот во терористичките структури со сигурност ќе го забрза крајот на терористичката организација и на нејзиното убиствено делување.

- *Техничко инфилтрирање:* Покрај инфилтририрањето на агенти и информатори, неопходна е инфилтрација и во мрежата на комуникации на определена позната или можна терористичка организација од страна на соодветни стручни институции /гранки/ на разузнавачко–безбедносната заедница на земјата. По претходно набавена дозвола од судските органи, Полицијата може да примени специјални тактики, методи и средства за собирање определени информации од интерес за ефикасна борба против тероризмот. Тоа е во интерес на нацијата и на нејзината национална безбедност со цел Полицијата на судот да му обезбеди валидни и разумни аргументи за покренување на кривична постапка. Исто така, техничкото инфилтрирање е неопходно за спречување на кривично дело со тешки последици врз безбедноста на граѓаните и нивниот имот, како и за поддршка на полициската интервенција против сторителите на кривични дела од овој вид, за спасување на човечки животи или за спречување на поголеми технички и други катастрофи и спречување на поголеми материјални штети.

  Пред добивање на согласност за примена на овие специјални тактики, методи и средства, полицијата е должна на судот да му презентира разумни аргументи и да настојува во целата деликатна и специфична активност да не ги повреди законите на сопствената држава.

  Разузнавањето како златен клуч во борбата против тероризмот сè повеќе ќе добива на значење во периодот кој ќе следи, периодот кој ќе биде преполн со многу неизвесности и предизвици – предизвикани од најголемото зло на современиот свет – модерниот тероризам.

(Рецензент: *йроф. д-р Зоран Нацев*)

## ЛИТЕРАТУРА

Christopher, C. Harmon: "Terrorisam Versus Democracy"; The Liberal State Response, Frank Cass, London, 2000.

Колобов, О., А.: „Тероризам и контратероризам в современном мире“; Аналитически материалъи. Документи, гасарии, Йсклит, Москва, 2003.

Norman, Polmar and Thomas, B., Allen: "The Encycopedia of Espionage", Random House, New York, 1997.

Paul, Wilkinson: "Combating International Terrorism", Institut of Jewish Affairs, 1995.

Rivers, Gayle: "The War Against the Terrorism"; How to Win It, Stein&Day Publishers, New York, 1986.

Walter, Laquer: "A world of secrets". New York Basic Books Inc, 1985.

Mitko KOTOVCEVSKI

# INTELLIGENCE - THE GOLDEN KEY IN THE WAR AGAINST TERRORISM

**Abstract**

*The war against terrorism is very complex, long-lasting, with fast changements, unpredictable, uncertainly and very often with variable success. It always starts with intelligence activities of the intelligence services (military& civilian activities) which has to reveal terrorist intentions while they are still in the phase of planning, actually before the terrorist act is realize.*

*Intelligence is the golden key in entire war against terrorism, especially for overtaking successful antiterrorist operations. The solid intelligence (especially terrorism intelligence) represents the best weapon for the war against terrorism an all levels, primarily in the field of the war against global terrorism.*

*The ability of the state to detect, analyze and overtaking act against terrorist threats on time, mostly depends of efficiency of entire intelligence-security community of the state.*

***Key words:*** *TERRORISM, WAR AGAINST TERRORISM, ANTITERRORISM, COUNTERTERRORISM, INTELLIGENCE AND INTELLIGENCE SERVICES*